| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Мојата санка |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за потребата од одржување на хигиената на рацете и играчките со кои се играме.<br>Стекнување на рутина за правилно миење на рацете и играчките по секоја активност со нив. |
| **Активности** | Целта на активност со Вашето дете е да со повеќе видови на коцки се дојде до усвојување на одредени поими со кои ќе се даде придонес за формирање на сестрана творечка личност и подготвување за поуспешно вклучување во процесот на учење.<br>Седнете на подот до Вашето дете, понудете му повеќе видови коцки по големина и боја. Најнапред заеднички разгледајте ги коцките и поттикнете го детето на истражување т.е по што се разликуваат (големина, боја). Почнете да манипулирате и конструирате со коцките, пофалете го за секоја конструирана препознатлива форма (кула, кола, куќа...).<br>Во текот на играта на детето може да му поставувате барања за играње-конструирање само со сините, црвените, големите, малите коцки. Со тоа се утврдуваа познавањето на боите или истите се учат и се класифицраат според даден признак: мали-големи, како и по боја.<br>Уживајте во заедничкото играње-учење со Вашето дете. |